**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИА**
**Академија за судии и јавни обвинители**

Врз основа на член 70 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители (Службен весник на Република Македонија бр.88/2010), Управниот одбор на Академијата на седницата одржана на 29.11.2010 година ја усвои следната

# ОПШТА ПРОГРАМА ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА НА СУДИИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ за 2011-2012 година

Согласно член 70 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители (Службен весник на Република Македонија бр.88/2010), Академијата спроведува континуираната обука за стручно усовршување на судиите и јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства

**Цел:**

Континуираната обука за стручно усовршување се спроведува со цел за усовршување и проширување на знаењата и стручноста на судиите и јавните обвинители при вршењето на судиската и јавнообвинителската функција, јакнење на нивната независност и интегритет како основен предуслов за владеење на правото, за заштита на човековите права и слободи, како и создавање на транспарентно, праведно и ефикасно правосудство, засновано на меѓународните стандарди за фер и правично судење.

Континуираните обуки за стручно усовршување наменети за претседателите на судовите и на јавните обвинители на јавните обвинителства имаат за цел развивање на способноста за управување со работите од нивна надлежност, утврдена со закон.

Програмата ќе се реализира преку:

- Усовршување на вештините во насока на практична примена и интерпретирање на законите во решавање на конкретни случаи од судската пракса;
- Запознавање со содржината на новите закони и измени на законите;
- Зголемување и јакнење на професионалните способности во насока на јакнење на логичната и аналитичка аргументација во изготвувањето на судските одлуки;

- Воедначување на судската и јавно обвинителската пракса;

Крајна цел на Програмата е создавање на модерен и ефикасен правосуден систем кој води кон транспарентно, праведно и ефикасно правосудство и задоволување на стандардите на Европската унија и подговување за интеграција на правосудниот систем на Република Македонија во Европскиот систем.

**Целни групи:**

Програмата е наменета за постојните 662 судии и 196 јавни обвинители, како и за судии и јавни обвинители кои ќе бидат избрани во текот на 2011 и 2012 година. Правото и обврската на континуирана обука на судиите и јавните обвинители се остварува во Академијата.

**Подготвување на Програмата:**

Програмата се изготвува врз основа на претходно детално испитување, анкетирање и анализа на потребите на судиите, јавните обвинители и другите корисници на услугите на Академијата, како и преку консултирање на мислења на институциите претставени во Управниот одбор на Академијата, правните факултети, професионалните комори и други релевантни правосудни институции и организации, спроведено од Службата за стручно помошно технички работи на Академијата во текот на 2009 и 2010 година.

Со цел за постојано и систематско унапредување и надградување на капацитетите на Академијата за планирање, организирање и спроведување на континуирана обука, при определување на темите, методологијата и формите на обука, се земаат во предвид и сумираните резултати од извршените евалуации од секоја обука, како и сумираните писмени предлози, сугестии, забелешки и коментари од страна на учесниците на обуките во текот на 2009 и 2010 година, сугестиите и забелешките на органите и телата на Академијата, а посебно на Програмскиот совет како стручен орган, предавачите кои непосредно ги спроведуваат програмите за обука, како и вработените лица од Службата за стручно помошно технички работи на Академијата кои директно учествуваат како логистичка поддршка на секоја обука а кои забелешки се перцепирани во текот на реализирањето на обуките во претходниот период.

Покрај тоа, во контекст на целите и приоритетите на Република Македонија за акцесија кон ЕУ, потребата од хармонизација на домашното законодавство со меѓународното и потребата, домашните судии и обвинители да ги применуваат меѓународните стандарди во секојдневното постапување, дел од оваа континуирана обука е посветена на изучување на европската и меѓународната димензија на правото, борбата против корупција и органзизиран криминал, јакнење на капацитетите и знаењата на судиите и јавните обвинители за алтернативно решавање на споровите како начин за справување со заостатокот на судски

предмети, зајакнување на свеста за социјалната димензија на професијата, усовршување на знаењата на странски јазици и компјутерска технологија.

При изработка на програмата се земаат во предвид и изготвените годишни извештаи за работата на судовите во Република Македонија – основните судови, Апелационите судови, Врховниот суд на Република Македонија, извештајот на Врховниот суд со заедничките заклучоци и ставови за работата на судовите во Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, и согласно обврските преземени со Националната програма за усвојување на Правото на ЕУ на Владата на Република Македонија, се со цел при креирање на темите за обука да се земат во предвид:

- областите каде има најголем прилив на предмети,
- најголем број на правни лекови - редовни и вонредни,
- најчести пропусти при примена на материјалниот и процесниот закон, кои доведуваат до укинување но и до преиначување на судските одлуки,
- причините кои доведуваат до одолговлекување и долго траење на постапките кои предизвикуваат повреда на член 6 од Европската конвенција за човекови права
- потребите од воедначување на судската пракса во примената на материјалните и процесните закони

Програмата, по нејзиното одобрување и усвојување, според потребите може да се менува на предлог на Програмскиот совет и директорот. Воедно, сите повремени и ад хок надворешно финансирани програми и проекти се прифаќаат и подготвуваат според темите, приоритетите и потребите на обуката и за нив се известува Програмскиот совет и ги одобрува Управниот одбор на првата наредна седница.

Програмата се доставува до судовите, до јавните обвинителства и до Министерството за правда и тоа во печатена и електорнска форма, а истата се објавува и на интернет страницата на Академијата.

Предложената Програма претставува рамковна програма, при што по нејзиното одобрување и усвојување, Академијата ќе подготви годишен календар за тренинг активностите за 2011 и 2012 година со теми согласно утврдените приоритети како и детални тримесечни календари вклучувајќи ги темите, содржината на курсевите и семинарите, времетраењето, датумот и местото, слушателите, предавачите, постапката и рокот за пријавување на учесниците.

Календарите ќе бидат дистрибуирани до соодветните целни групи и објавени заедно со Програмата на интернет страницата на Академијата.

Датумите во календарот ќе бидат одредени доколку се познати кога се подготвува календарот. Во спротивно, датумот се објавува и се испраќа со

известување две недели пред одржување на конкретниот настан. Секој заинтересиран за учество пополнува стандардизиран формат кој го испраќа по пошта, преку факс или е-маил во разумен рок пред денот на одржување на обуката.

**Финансиски средства:**

Општата програма за континуирана обука на судиите и обвинителите ќе се реализира и финансира со средства од Буџетот на Република Македонија, а според приоритетите и потребите на судиите и јавните обвинителите. Воедно, ќе се настојува, за реализација на дел од Програмата да се обезбедат средства преку соработка со меѓународните организации и проекти.

**Модули:**

Програмата е составена од неколку модули кои опфаќаат општи теми, практични искуства во примената на законските решенија, новините во материјалното и процесното законодавство и пракса од основните области на правото (граѓанско, трговско, кривично, како и меѓународно право и право на Европската унија), а со цел судиите и обвинителите да стекнат и развиваат не само основни професионални правни знаења и инструкции за толкување и примена на прописите, туку и комплементарни вештини потребни за вршење на судиската односно обвинителската функција, како што се етика, менаџирање, изнаоѓање на алтернативни начини за решавање на споровите, развивање на комуникациски способности со странките и јавноста, странски јазици и компјутерски вештини.

Модулите кои се однесуваат на материјалното и процесното право се фокусирани на секојдневната практична работа на судиите и обвинителите, пред се преку анализа на практични случаи, изработка на акти, пресуди, обвинителни акти и слично. Воедно, поради актуелноста, тие опфаќаат и одредени теоретски прашања како и запознавање со најновите научни и стручни достигнувања во областа на националното, меѓународното право и правото на ЕУ.

**Предавачи:**

Во реализација на Програмата, како предавачи ќе се ангажираат експерти од листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители, која што е одобрена од Управниот одбор на Академијата, а во зависност од потребата за реализирање на специјалзиирани програми за одделни области и целни групи и предавачи по потреба - пензионирани судии и јавни обвинители, професори, како и домашни и странски експерти од одредени области и институции, организации, цивилното општество и НВО, кои се ангажираат во зависност од видот на одделната тема.

**Методи:**

Општата Програма за континуирана обука ќе се реализира преку конференции, семинари, работилници, заеднички обуки со други целни групи, тркалезни маси и други облици на стручно усовршување сообразно со потребите на судиите и обвинителите. Обуките ќе се изведуваат преку дебати, практични вежби, анализа на домашна и меѓународна пракса, со користење на современи техники за учење за возрасни, а според карактерот на темите и областа која е предмет на обуката.

Обуките ќе се реализираат централизирано и децентрализирано.

**Евалуација:**

Оценувањето на спроведената програма се предлага да се изврши на три начини:

1. Преку прашалници кои ќе се дистрибуираат пред и по завршувањето на обуката (така наречени pre and post questionnaires). Овие прашалници ќе содржат исти прашања и на тој начин ќе се утврди познавањето на материјата пред обуката и по спроведената обука.
2. Преку прашалници кои ќе се дистрибуираат по завршување на обуката. Со овие прашалници ќе се оцени квалитетот на самата обука, предавачите, материјалите, позитивните и негативните страни, како и предлозите за идни обуки.
3. Прашалници кои ќе се дистрибуираат после три или шест месеци од завршување на обуката, со кои ќе се оцени колку во пракса се применуваат стекнатите знаења.

* * *

**<u>Модул I.</u>** **ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ**

Посебните програми кои ќе се реализираат во рамки на Модулот I, треба да овозможат понатамошно развивање и продлабочување на статусот, независната положба и самостојноста, стручноста, ефективноста, унапредување на способностите на носителите на правосудната функција потребни за успешна реализација на меѓународните стандарди за судење во разумен рок, како и вештините на вршењето на судската и јавно - обвинителската функција и раководење со судовите и јавните обвинителства и тоа за следните **целни групи**:

- Членовите на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители
- Судиите на Врховниот суд на Република Македонија и на јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Македонија

- Судиите на Апелационите судови и јавните обвинители во Вишите јавни обвинителства - самостојни и со присуство на претставници од Врховниот суд на Република Македонија и Јавното бвинителство на Република Македонија
- Претседатели на судови и јавните обивнители на јавните обвинителства

Предмет на дискусии и расправање на овие модалитети ќе бидат прашања кои се однесуваат на положбата, правата, обврските на носителите на правосудните функции, бројот, организацијата и надлежноста на судовите кои овозможуваат ефикасна достапност на граѓаните до правдата, практични проблеми при примена на законските процесни и материјално - правни одредби, воедначување на судската пракса и казнена политика, како и предлози за унапредување на постојните законските решенија.

Обуките во рамките на овој модул ќе се осврнат на улогата и функцијата судија и јавен обвинител; професионално и етичко однесување; спроведување на Законот за судови, Законот за јавно обвинитеслтво, Законот за Судскиот совет на Република Македонија и Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, во делот на остварување на надлежностите на советите во врска со статусните прашања за судиите и јавните обивнители. Ова се однесува особено на градење и унапредување на критериумите за избор, следење и евалуација на работата, имунитетот, одговорноста на судиите и јавните обвинители, јакнење на нивните работни техники и професионални вештини. Тука посебно место ќе завземат и обуките за претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства за развој на вештините за раководење.

Овој модул ќе се реализира во вид на посебни модалитети како што се: работилници, тркалезни маси, дебати, форуми за дискусии, регионални конференции со учество на домашни и странски предавачи на кои ќе се изложат домашните прописи како и компаративни иксуства на другите национални законодавства и меѓународната легислатива на Совет на Европа, Обединетите нации, телата на Европска Унија и јуриспруденцијата на меѓународните судови.

***ОБУКИ СПОРЕД ЦЕЛНИ ГРУПИ***

**А. Претседатели на судови и јавни обвинители на јавните обвинителства**

1. Улога на претседателот во распоредување на судиите и заостатокот на нерешени предмети, постапување со претставка, евиденција, АРП, најчести основи за претставките и поплаките на граѓаните, односно:

   - објективни и субјективни причини за заостаток на предметите и одлагање на постапките и должина на траење на провостепена постапка
   - неуредна достава, непостапување на МВР по наредби, долго траење на вештачењата, злоупотреби на овластувањето на странките
   - незакажување на расправа-претрес
   - ненавремено изготвување на одлука
   - неизвршување на судски одлуки
   - ненавремено доставување на обжалените одлуки до повисоките судови
   - причини за административно враќање на предметите од повисокиот суд, законски и организациони ограничувања

2. Етика – судиска и етика на јавните обвинители, начела на етичките кодекси, компаративна споредба со кодексите на другите држави, почитување на начелата на кодексот како основ за спречување на злоупотребата на функцијата судија и јавен обвинител

3. Комуникациски вештини/односи со јавност, комуницирање со колегите, вработените и со странките, вештина на презентирање на работата на судот / јавното обвинителство

4. Вештини за раководење со суд и јавното обвинителство / претседателот / јавниот обвинител како водач, управување со човечки ресурси - систем на оценување на судските и јавнообвинителските службеници, заостаток на предмети, постапување со претставките, најчести основи за претставките и поплаките на граѓаните/

5. Стратешко планирање на работењето и буџетирањето, имплементацијана програмите за работа

6. Управување со буџетот, спроведување на Законот за извршување на буџетот, улогата на Државниот завод за ревизија, постапување по ревизиските извештаи и Законот за јавни набавки, улогата на Бирото за јавни набавки

7. Електронска достава до странките и другите учесници во постапките и електронско снимање на судските рочишта

8. Ревизија на судската власт, најчестите неправилности, постапување по дадените препораки за нивно надминување

9. Целите на воведување на АКМИС системот во судовите и начинот на неговото функционирање, оперативна работа со АКМИС системот

10. Тркалезни маси за претседателите на судовите и извршителите за приговорите против неправилностите при извршувањето

**Б. Судии и јавни обвинители**

**Општи теми**

1. Етика – судиска и етика на јавните обвинители, начела на етичките кодекси, компаративна споредба со кодексите на другите држави, почитување на начелата на кодексот како основ за спречување на на злоупотребата на функцијата судија и јавен обвинител

2. Вештина на комуницирање во судница, комуницирање со странките и судска психологија

3. Case management и планирање на времето

4. Подигање на правната култура, пристап до правдата, бесплатна правна помош/ домашни и компаративни искуства

5. Независност на судството, критериуми за оцена на работата на судиите, избор и разрешување на судии и работата на Судскиот совет

6. Независност на јавните обвинители, оцена на работата на јавните обвинители, избор и разрешување на јавните обвинители и работата на Советот на јавните обвинители

7. Заштита на лични податоци и пристап до информации од јавен карактер

8. Недискриминација

**Библиографија**


- Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006), Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2008 и 150/2010);
- Закон за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 60/2006); Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010)

- Закон за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“ број 150/07), Закон за изменување на Законот за јавно обвинителство („Службен весник на Република Македонија“ број 111/08);
- Закон за Совет на јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 150/07)
- Закон за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ број 98/08), Закон за изменување на Законот за судска служба ((„Службен весник на Република Македонија“ број 161/08, 6/09 и 150/2010)
- Закон за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2010)
- Судски деловник („Службен весник на Република Македонија“ број 71/07), Деловник за изменување и дополнување на Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија“ број 157/09)
- Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 103/08, 156/09)
- Закон за судскиот буџет („Службен весник на Република Македонија“ број 60/03, 37/06, 103/08)
- Закон за извршување на буџетот на Република Македонија (за секоја тековна година)
- Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2005, 103/08)
- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ број 90/2009)
- Закон за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07, 130/08)
- Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 35/05), Одлука на Уставен суд У.бр.95/2005 од 29.3.2006 („Службен весник на Република Македонија“ број 44/06), Одлука на Уставен суд У.бр.12/2006 од 18.10.2006 година („Службен весник на Република Македонија“ број 124/06, Одлука на Уставен суд на Република Македонија У.бр.185/2006 („Службен весник на Република Македонија“ број 20/07, Закон за изменување и дополнување (Службен весник на Република Македонија број 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/2010, 83/2010 и 88/2010);
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ број 13/06, 86/08 и 6/10)
- Закон за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ број 9/04, 113/07 и 145/10)
- Закон за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ број 7/05, 103/08, 124/10)
- Закон за спречување и заштита од дискриминација ((„Службен весник на Република Македонија“ број 50/10);
- Кодекс на судиска етика
- Кодекс на јавнообвинителска етика

## В. Новоизбрани судии и јавни обвинители

### Општи теми

1. Европската Конвенција за човекови права и основни слободи како меѓународен извор на правото и нејзиното влијание на домашниот правен поредок
    - Општи прашања за ЕКЧП пред домашните судови
    - Примена на член 3 и член 5 од ЕКЧП
    - Примена на член 6 и член 8 од ЕКЧП
    - Заштита на имотните права според македонското законодавство во контекст на член 1 од Протоколот 1 на ЕКЧП
    - Ефикасност на правното средство – барање за заштита на правото за судење во разумен рок (член 6 од ЕКЧП)

2. Односи со јавност

3. Судска психологија
    - Веродостојност на исказите

4. Комуникациски вештини

5. Правна култура – отворено судство

6. Етиката во правосудството
    - Етиката и деонтологијата
    - Одговорноста како основа за професионална етика
    - Етички дилеми

7. Подготовка и управување со предмет

### Теми од областа на казнено право

Кривичен законик

1. Измени во Кривичниот законик

2. Системот на санкции во Кривичниот законик
    - Казни, казна затвор и парична казна
    - Одмерување на казната, најчести отежителни и олеснителни околности, ублажување на казната, ослободување од казна, начин на изрекување на казни во случај на стек на кривични дела и продолжено кривично дело

3. Алтернативни мерки
    - Видови алтернативни мерки
    - Услови за изрекување на одделните мерки

4. Мерки на безбедност
    - Видови мерки на безбедност
    - Услови за изрекување на мерки на бебедност

<u>Закон за кривична постапка</u>

1. Претходна постапка
    - Кривична пријава и овластувања на органите во предистражната постапка
    - Улогата на МВР, Царина, Финансиска полиција -надлежности во откривање и докажување, соработка со ЈО и истражен судија
    - Посебни истражни мерки
    - Постапување на јавниот обвинител по кривична пријава
    - Случаи на вонсудско спогодување во текот на оваа фаза на постапката

2. Истрага
    - Улогата на јавниот обвинител во фазата на истрагата, истражни дејствија (прибавување на докази во текот на истрагата)
    - Улогата на истражниот судија во истрагата (содржина на наредби за одземање на предмети, за увид, реконструкција, за вештачење, за претрес на дом и на лица, процесни одлуки во текот на истрагата (постапување со незаконски прибавени докази)

3. Мерки за обезбедување присуство на обвинетиот и за успешно водење на кривичната постапка
    - Притвор (Содржина на решението за притвор, најчести основи за определување притвор, органи надлежни за предлагање и одредување на притвор)
    - Други мерки за обезбедување присуство на обвинетиот (колку често во досегашната пракса се применувани другите мерки за обезбедување присуство на обвинетиот)

4. Фаза на обвинение
    - Содржина на обвинителен акт и предлог, постапување по приговор, правосилност на актот/ најчести пропусти и грешки

5. Главен претрес

- Анализа на процесни претпоставки за одржување на главен претрес

  (Јавност на главниот претрес, менаџирање со претресот, потребни мерки и дејствија за да се избегне одлагање на претресот особено во случаи со голем број на обвинети и сведоци, најчести причини предизвикани од одбраната за одлагање на главниот претрес, одлагање и прекин на претрес, содржина на записник за претрес, однесување со медиумите кога главниот претрес е медиумски покриен, распит на обвинетиот, сослушување на сведок и вештак /најчести пропусти и грешки)

- Одлуки на главен претрес од судија/претседател на совет /совет

6. Доказни средства

7. Донесување и објавување на одлуки
   - (Пресуда, видови пресуди, одлуки по повод откажување од гонење од страна на ЈО , методологија за пишување на судска одлука)

8. Заштита на сведоците, на соработниците на правдата и на жртвите
   - (постапување со заштитен сведок во текот на истрага и главен претрес, видеоконференција)

9. Скратени постапки, судење во отсуство и повторување на постапката

10. Постапување по редовни и вонредни правни лекови

    - Најчести случаи на преиначување и укинување на првостепена пресуда, постапување на првостепениот суд по напатствија на повисоките судови, казнена политика

11. Измените кои се воведуваат со новиот Закон за кривична постапка

    - Новиот концепт на ЗКП – премин од инквизиторна кон страначка постапка
    - Основни начела
    - Значење на законските изрази
    - Улогата на јавниот обвинител во сите фази на постапката
    - Судија за претходна постапка – надлежност
    - Правосудна полиција – состав, улога и надлежности
    - Жртва, оштетен, приватен тужител – положба, права и заштита
    - Права на одбрана

- Проширување на правата и процесните гаранции за обвинетиот и бранителот во сите фази на постапката
- Новата улога на бранителот во одделни фази на постапката
- Засилување на начелото на еднаквост на оружјето
- Мерки за обезбедување присуство на обвинетиот и непречно водење на постапката
- Доказни средства
- Докази прибавени на недозволен начин
- Посебни истражни мерки
- Истрага – испитување на обвинет, сослушување на сведоци
- Испитување на обвинетиот/изјава за вина, редослед на поставување на прашања
- Услови за донесување на пресуда врз основа на признание на вината во текот на главната расправа/натамошно изведување на доказите
- Начин и редослед на испитување од странките и претседателот на советот/директно, вкрстено, дополнително
- Улогата на претседателот на советот во контрола на начинот и редоследот на испитување на сведоците и вештаците и изведувањето на доказите за дозволеноста на прашањата, валидноста на одговорите, праведно сослушување и оправданоста на приговорите
- Забрзани постапки
- Донесување и соопштување на одлуките
- Постапка за донесување пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот во истрагата

12. Меѓународна соработка во кривична материја

13. Закон за прекршоци

**<u>Теми од областа на граѓанско право</u>**

1. Облигационо право
    - Општи прашања за договорите, ништовност и рушливост кај облигационите договри
    - Трговски договори по ЗОО и судски спорови во врска со истите
    - Практична примена на измените на ЗОО од 2008 и 2009 година во однос на каматата
2. Право на сопственост
    - Стекнување и губење на правото на сопственост

3. Владение; службеност
    - Заштита на правото на владение

- Постапка во спорови поради смеќавање на владение
- Право на службеност и заштита

4. Материјална и нематеријална штета
    - Надомест на материјална штета
    - Надомест на нематеријална штета

5. Тужба, одговор на тужба
6. Утврдување на вредноста на спорот и квалитет на поднесоци
7. Подготвително рочиште, главна расправа и процесни одлуки
8. Докази и изведување на докази – увид, сведоци, вештачење, сослушување на странките
9. Донесување на пресуди – видови пресуди, донесување и објавување, писмена изработка и објавување на веб страницата на судот
10. Користење на ACCMIS, електорнско снимање на судските рочишта и електорнска достава
11. Посебни постапки
12. Новини во законот кои се однесуваат на медијацијата
13. Постапка по жалба и одлуки на второстепениот совет
14. Судење во разумен рок
15. Вонредни правни лекови
16. Посебни постапки
    - Постапка во спорови од мала вредност
    - Постапка во стопански спорови

17. Стечајна постапка
    - Кривични и граѓанско – правни аспекти на стечајот

18. Извршување
    - Постапување на судот по Приговор против решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа
    - Улогата на судот во извршувањето согласно Законот за извршување

19. Претходни и привремени мерки за обезбедување на побарувањата
20. Нотаријат
    - Улогата на нотарите во граѓанската постапка согласно Законот за нотаријат
    (во областа на наследувањето, вонпроцесната постапка, извршувањето)

**Библиографија**


➢ Европска Конвенција за човекови права и основни слободи со протоколите
➢ Кодекс на судиска етика

- Кодекс на јавнообвинителска етика
- Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96), Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08,114/09), Одлука на Уставен суд на Република Македонија У.бр.228/05 од 5.4.2006 година („Службен весник на Република Македонија“ број 50/06), Решение на Уставен суд на Република Македонија У.бр.28/2008 од 23.4.2008 година („Службен весник на Република Македонија“ број 64/08);
- Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 15/05 – пречистен текст); Закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 83/08 и 67/09);
- Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010);
- Закон за заштита на сведоци („Службен весник на Република Македонија“број 38/05); Закон за дополнување на Законот за заштита на сведоци („Службен весник на Република Македонија“ број 58/05).
- Закон за медијација („Службен весник на Република Македонија“ број 60/06); Закон за изменување и дополнување на на Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ број 22/07, 114/09); Одлука на Уставен суд на Република Македонија У.бр. 117/06 од 1.11.2006 година („Службен весник на Република Македонија“ број 119/06, Одлука на Уставен суд на Република Македонија У.бр. 34/07 од 6.6.2007 година („Службен весник на Република Македонија“ број 77/07)
- Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ број 62/06), исправка (Службен весник на РМ бр. 69/06);
- Закон за меѓународна соработка во кривична материја („Службен весник на Република Македонија“ број 124/2010)
- Закон за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ број 18/01), Одлука на Уставен суд У.бр. 173/2007 од 20.2.2008 година („Службен весник на Република Македонија“ број 31/08), Закон за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ број 92/08, 139/09 и 35/2010);
- Закон за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ број 18/01), Закон за изменување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ број 4/02, 5/03, 84/08, 81/09 и 161/09);
- Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 35/05), Одлука на Уставен суд У.бр. 95/2005 од 29.3.2006 („Службен весник на Република Македонија“ број 44/06, Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 50/06), Одлука на Уставен суд У.бр. 12/2006 од 18.10.2006 година („Службен весник на Република Македонија“ број 124/06, Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 129/06), Одлука на Уставен суд У.бр. 185/2006

од 17.1.2007 („Службен весник на Република Македонија“ број 20/07) , Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 8/08, 83/09, 50/2010, 83/2010 и 88/2010);

- Закон за нотаријат („Службен весник на Република Македонија број“ 55/07), Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријат („Службен весник на Република Македонија“ број 86/08 и 139/09)
- Закон за обезбедување на побарувањето („Службен весник на Република Македонија“ број 87/07);
- Закон за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 9/08);
- Закон за наследувањето („Службен весник на Република Македонија“ број 47/96);
- Закон за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/05); Закон за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 110/08), Закон за дополнување на Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 83/09), Закон за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 116/2010);
- Закон за судски такси („Службен весник на Република Македонија“ број 114/09);

**Г. Предавачи**

Почетна обука

1. Техники на учење на возрасни
2. Обезбедување услови за дизајнирање на обука и начин на дизајнирање на работилница (според потребите)
3. Подготовка на PP презентација

Напредна обука

1. Дополнителни методи и техники на учење на возрасни
2. Планирање и моделирање на обука
3. Подготовка на работни листови и материјали за обука
4. Ефективни методи и техники за практична обука
5. Тимска работа и работа во групи
6. Учење на далечина

**Д. Ментори**

1. Процес на одвивање на менторство
2. Однос ментор-менториран
3.Техники на менторирање

4. Критериуми за вреднување и оценување
5. Работа во тимови
6. Учење на далечина

**МОДУЛ II. ОПШТИ ПРОГРАМИ**

# 1. УПРАВНО ПРАВО

**Целни групи:** Судии на Управен суд и судии на Врховен суд на Република Македонија кои одлучуваат по жалби на пресудите на Управниот суд

Овој модул ќе се реализира преку семинари, и се охрабруваат предавачите да ја насочуваат работата преку дискусија и размена на искуства, како и преку работа на практични примери.

**А. Материјално право**

1. Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер;

2. Законот за класифицирани информации и Законот за заштита на личните податоци;

3. Закон за јавни набавки

4. Законот за прекршоци

   - Соодветната примена на одредбите од Законот за општата управна постапка при водење на прекршочна постапка од страна на прекршочните органи;
   - Примена на Законот за прекршоците во однос со материјалните прописи со кои се дерогираат одредби од Законот за прекршоци
   - Постапка по тужба и видови на одлуки на Управниот суд.

5. Изборен законик

6. Закон за пензиското и инвалидското осигурување

   - Постапка за усогласување на пензиите;
   - Статусот на осигурениците кои оствариле право на времена инвалидска пензија и правни последици од примена на членот 139 од ЗПИО во однос на остварувње и губење на првата како осигуреници поради губење на својството пензионер.

7. Закон за здравствена заштита

- Приватизацијата во здравството (здравствени установи – основање и престанок – услови);
- Здравствени работници (основана лиценца, лиценца за работа, времено продолжување, времено одземање, трајно одземање на лиценцата за работа)
- Надлежност на министерството за здравство во спроведување на надзорот над работата на здравствените установи и коморите.

8. Закон за здравствено осигурување

- Овласувањата на ФЗОМ како купувач на здравствени услуги;
- Надлежност на Управниот суд во однос на спроведувањето на договорите за извршувањето на здравствените услуги склучени помеѓу ФЗОМ и здравствените установи.

9. Закон за просторно и урбанистичко планирање и Закон за градење;

- Решение за локациски услови и постапка за негово донесување;
- Изготвување на првостепени решенија од областа на урбанизмот и градежништвото;
- Стручна помош за читање на техничка документација од областа на урбанизмот и градежништвото;
- Овластувањата и мерките што можат да ги превземаат државниот инспекторат;

10. Законот за електронски комуникации и Закон за радиодифузна дејност

- Постапка за доделување на концесии

11. Закон за хартиите од вредност

- Улогата на државните органи при трговските и нетрговските трансфери на хартиите од вредност;

12. Querинский закон

- Постапка за утврдување на дополнителна вредност на стоката што се увезува;
- Постапка за префрлање на стоката од еден во друг тарифен број;
- Царински прекршоци – дилеми за примена на постапката за порамнување и посредување кај царинските прекршоци – Закон за прекршоци во врска со царинскиот Закон;
- Стручна помош за читање на царинска докуменатција.

13. Законот за државјанство

- Начини на стекнување и губење на државјанство;

- Натурализацијата и проблемите на кои се наидува при постапувањето;
- Државјанството во соодност со прашањата поврзани со матичната евиденција и граѓанските состојби;
- Стекнување на државјанство без водење на постапка за државјанство и ризикот кој го носи повеќе државјанства особено во однос на идентитетот;

14. Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост

15. Закон за експропријација

   - Можноста иден корисник на градежно земјиште на кое според урбанистичките планови е предвидена изградба на објекти од јавен интерес да поднесе предлог до надлежен орган за одземање право на користење – член 43 од Законот

